Еден педантен истражувач во културата, успеал да забележи 164 различни дефиниции за културата. Веројатно, постојат и повеќе, кои не успеал статистички да ги забележи! Овој податок зборува за две важни димензии на културата, нејзината историска длабочина, од прапочетоците на создавањето на човештвото, до нејзината сеприсутност, многузначност, повеќеслојност, во нашето современие.

Несомнено, културата е квинтесенција на човечкото опстојување, од праискона до денес, мерна единица за секој креативен исчекор напред, траекторија на која опстојува подеднакво жилаво и силно, естетското и емотивното. Да, културата е единствената општествена појава, која во себе носи изразена емоција, моќ за емпатија, потенцијал за привлекување и симпатија. Во овој контекст, луѓето на (од) културата, говорат за добрата и убавата страна на културата. Вистинските вљубеници во културата, остануваат секогаш на овој бран, на овој брег на културата. Сончевата страна на културата подразбира, покрај убавината и привлечноста и добра вибрација, добра порака, добра соработка, со публиката, со колегите-творци од областа на културата.

Да се биде дел од современото културно живеење, значи да се биде дел од едно ново глобално поврзување и комуницирање, предизвикано пред се' од развојот на новите технологии и начини за комуницирање. Да се биде поврзан, да се биде "конектиран и онлајн" денес е неопходен услов да се биде видлив, препознаен, успешен. Во сите области на културата и уметноста, во ликовните уметности посебно, поврзувањето, вмрежувањето, вештината на комуницирањето е подеднакво важна, колку што е важно делото на авторот, неговата содржина и порака. На светот и човештвото воопшто, никогаш поважна и поургентна не му била нужноста, од поврзувањето и културното комуницирање на автори и творци од културата, кои културата ја разбираат како благородна и најдобра мисија за креирање на подобар живот. Една од најважните димензии од дефинициите за културата и уметноста е токму оваа, тие заедно можат да го менуваат и светот и векот, кон подобро.

Групата ликовни уметници од концепцијата "Конекција", родум сите од Р. Македонија , од Скопје, Струмица, Битола, Виница, Прилеп, Охрид и Делчево, за место на своето образование или работно творење, ја избраа Софија и Р. Бугарија.

Тоа се редум, не само добри и креативни творци, туку и добри луѓе, желни за своја промоција и во Македонија и во Бугарија, подготвени да бидат мост за соработка и партнерства меѓу двете соседски и толку блиски култури. И не само на тие релации, туку со најновата концепција со франкофонски "raffinement" подготвени да ги прошират просторите за комуникација и пошироко. Нека на тие полиња, на тој културен натпревар меѓу народите и културите, секој од нив и поединечно го најде своето место под сонцето-и на личен и на професионален план! Јас од срце им го посакувам тоа, бидејќи тие тоа и го заслужуваат!

м-р Васко Шутаров
Директор на Културно-информативен Центар на Р. Македонија во Софија